РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./ Nr./ No. 04-427/3 Скопје,Shkup,Skopje 13 .09.2022 година/viti/year

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за работните односи и („Службен весник на РМ" број 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ" број 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), а во врска со член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19 и 14/20), Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ – 1/2022
за вработување на двајца (2) извршители на определено време за период
до 31.12.2022 година

1. **Советник за преводи на англиски јазик**, Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација, Сектор за соработка, транспарентност и едукација **–еден (1) извршител.**

**Услови што се бараат за вршење на работата:**

- вид на образование: VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен наука за јазикот (лингвистика) или наука за книжевноста;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- работно искуство: најмалку три (3) години работно искуство во струката.

**Распоред на работно време:**

- **Работни денови** понеделник-петок
- **Работни часови неделно** 40
- **Работно време од** 07:30/08:30 **до** 15:30/16:30
- **Паричен износ на основна основна нето плата**: 26.566,00 денари.

2. **Помлад соработник за работа на проекти,** Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација- **еден (1) извршител.**

**Услови што се бараат за вршење на работата:**

-вид на образование: VI A според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правни науки, економски науки или организациони науки и управување (менаџмент).
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
-работно искуство: со или без работно искуство во струката.

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

**Распоред на работно време**

- **Работни денови** понеделник-петок
- **Работни часови неделно** 40
- **Работно време од** 07:30/08:30 **до** 15:30/16:30
- **Паричен износ на основна нето плата**: 22.283,00 денари.

Кон пријавата по јавниот оглас, кандидатите за работно место под реден број 1 и реден број 2 треба да ги достават следните документи:

1. Своерачно потпишана пријава за работното место за кое се пријавува;
2. Кратка биографија-CV со задолжително наведен контакт телефон и адреса;
3. Уверение за државјанство;
4. Уверение за завршено образование согласно јавниот оглас;
5. Доказ за работно искуство;
6. Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) и
7. Доказ за познавање на комјутерски програми за канцелариско работење.

Јавниот оглас трае три (3) работни дена од денот на објавувањето на огласот, односно најдоцна до 16.09.2022 година (петок).

Кандидатите потребните документи може да ги достават директно во архивата во просториите на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, на Булевар „Гоце Делчев" бг.18, Скопје (14-ти кат) или по пошта (препорачано), во затворен коверт, со назнака „ЗА ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ".

Лице за контакт: Реџебије Бељули телефон мобилен 071 229 298 или 3127 453; 2 3118 038.

Проверката на поднесените документација од кандидатите ќе се изврши од страна на комисијата при Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Изборот по јавниот оглас ќе се изврши во рок определен со член 23 од Законот за работните односи.

Некомплетните и ненавремено доставените документи нема да бидат земени предвид во постапката за одлучување.

**Директор,**

**Пламенка Бојчева**

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk